**ЗАПИСНИК**
**од 11 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.03.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев – Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, ги извести членовите на Советот дека ќе има уште една точка во дневниот ред, која ќе се разгледува под Разно, со наслов Предлог - Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2015 година.

2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година.

3. Предлог - Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа „МИКС - НЕТ" ДОО Битола, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Нацрт - Ревизорскиот извештај од независен ревизор на Финансиските извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2015 година.

Г-дин Фиданоски, имаше забелешка во еден дел од неговото обраќање, каде констатирал техничка грешка на неговото презиме и побара зборот „одма“ да се замени со „веднаш“.

Советот на Агенцијата, со предложените корекции од г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.03.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го објасни предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година. Наведе дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во член 9 став 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услуги за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што врз основа на извршен стручен надзор, согласно член 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е утврдено во Записникот од стручен надзор бр.03-1371/1 од 20.02.2015 година. Бидејќи ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ, до Агенцијата не доставил копија од М1/М2 обрасци и/или договори за дело односно авторски договори, се предлага да се покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

Г-дин Фиданоски, постави прашање, дали во време од извршениот стручен надзор до почетокот на оваа седница, се остварила комуникација со радидифузерот, дали имало обид од негова страна да достави документација, да даде објаснување или пак немало воопшто ништо во таа насока?

Г-дин Петрушевски, одговори дека овластеното лице за вршење стручен надзор, Арѓенд Џелили, целата затекната состојба ја забележал во записникот. Иако овластеното лице на радиодифузерот рекол дека копија од М1/М2 обрасци и/или договори за дело односно авторски договори, ќе бидат доставени во Агенцијата дополнително, но заклучно со 10.03.2015 година, во Агенцијата не се пристигнати наведените документи.

Г-дин Трајчевски, појасни дека радиодифузерот има добиено копија од записникот, знае што е констатирано и што недостасува. Исто така наведе дека и одлуката ќе му биде испратена по пошта, што значи дека има уште еден дополнителен рок од 15 дена да ги достави документите.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-583 од 16.03.2015 година за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот како имател на дозвола, не ги исполнил минималните кадровски

услови утврдени во член 9 став 4 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услуги за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14 година), што врз основа на извршен стручен надзор согласно член 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е утврдено во Записникот од стручен надзор бр.03-1371/1 од 20.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, дека доколку не ги исполни минималните кадровски услови утврдени во член 9 став 4 од наведениот Правилник (да се ангажирани најмалку тројца вработени, од кои двајца новинари со висока стручна спрема) и до Агенцијата не достави копија од М1/М2 обрасци и/или договори за дело односно авторски договори, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, согласно со член 82 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14).

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја објасни предложената Одлука за отпис на долгот на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа „МИКС - НЕТ” ДОО Битола, од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со оглед на фактот што стечајната постапка над ТРД оператор на кабелска мрежа „МИКС НЕТ“ ДОО Битола, се затвори, при што на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и беа распределени само 700,00 денари, не постои основ за наплата на преостанатиот долг кој ТРД оператор на кабелска мрежа „МИКС НЕТ“ ДОО Битола го има кон Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и е во износ од 41.502,00 (четириесетиеднаилјадапетстотиниидва) денари согласно фактурата бр.029/2014.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скрелв Чакар, хронолошки ја објасни настанатата состојбата со должникот ТРД оператор на кабелска мрежа „МИКС НЕТ“ ДОО Битола.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.02-1970/1 од 16.03.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да ја донесе одлуката со која од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се отпише долгот на Трговското радиодифузно друштво оператор на кабелска мрежа „МИКС - НЕТ” ДОО Битола, во износ од 41.502,00 (четириесетиеднаилјадапетстотиниидва) денари, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, отписот на горенаведеното побарување да го изврши заклучно со периодот до 31.12.2015 година.

**Точка 4**

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, го објасни Нацрт-Ревизорскиот извештај од независен ревизор на Финансиските извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година. Наведе дека по спроведената постапка за јавна набавка за ревизорски услуги, склучен е договор со Трговец-поединец за ревизија, проценка и судско вештачење. Согласно член 8 од Договорот, Нацрт-Извештајот бил доставен до Агенцијата на 16 март 2015 година. Во Нацрт-Ревизорскиот извештај мислењето е дека финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, како и финансискиот резултат, во согласност со сметководствените стандарди за непрофитни организации што се применуваат во Република Македонија.

Г-дин Јанчески, имаше забелешка во Нацрт-Ревизорскиот извештај од технички аспект, во делот за општите информации за Агенцијата односно во табелата за Стручната служба.

Помошникот на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, појасни дека сите технички забелешки за општите информации за Агенцијата, можат да се коригираат во нацрт верзијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-1945/2 од 16.03.2015 година и едногласно го усвои Нацрт-Ревизорскиот извештај од независен ревизор на Финансиските извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година бр.03-1945/1 од 16.03.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да подготви допис до независниот ревизор, со кој ќе го извести дека Советот на Агенцијата нема забелешки по Нацрт-Ревизорскиот извештај од независен ревизор на Финансиските извештаи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година (наш бр.03-1945/1 од 16.03.2015 година).

**Точка 5**

Разно

- Г-дин Трајчевски, ја објасни предложената Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година. Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на ден 03.03.2015 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.32/15), поради тоа што не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок. По донесувањето на Одлуката Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, радиодифузерот: во целост го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување на ден 13.03.2015 година, за што до Агенцијата достави доказ

за извршена уплата – известување бр. 05-1907/1 од 13.03.2015 година и известување бр. 08-2041/1 од 17.03.2015 година и на ден 09.03.2015 година, пред Управниот суд поднел тужба УЗ бр.224/15 за поведување на управен спор со посебен предлог УЗ бр.225/15 за издавање времена мерка, по повод Одлуката на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување, за што достави и копија од поднесената тужба пред Управниот суд.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скрелв Чакар, објасни дека донесувањето Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата, преставува законска можност содржана во член 261 од Законот за општата управна постапка и член 28 став 1 од Законот за управни спорови. При тоа објасни дека радиодифузерот треба да се задолжи и да ги подмири сите трошоци кои се досега направени како и трошоци кои ќе произлезат откако оваа одлука ќе биде донесена.

Г-дин Фиданоски, објасни дека минатиот пат, кога не седница се донела одлуката за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје и на уште еден радиодифузер, на гласањето му било тешко да крене рака за одземање на дозволата. Затоа тогаш поставил прашање во врска со процедурата за враќање на дозволата, мислејќи на сегашната ситуација. Срекна околност е, рече, што е брза постапката за враќање на дозволата и сака да верува дека радиодифузерот ќе ги плати трошоците кои ќе произлезат од целата управна постапка. Исто така наведе дека колку тогаш тешко кренал рака за одземање, толку сега лесно ќе ја крене рака за враќање на дозволата. Се надева дека и другиот радиодифузер ќе најде начин да се „врати во живот. Забележал дека во материјалите и известувањата доставени до Агенцијата од страна на ТВ Амазон, има еден дел каде ја замолуваат Агенцијата, да ги известат кабелските оператори дека можат повторно да се емитуваат во етер и праша дали тоа претставува обврска на Агенцијата или на ТВ Амазон?

Г-дин Трајчевски, објасни дека од кога дозволата ќе биде вратена, Одлуката ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија“, и на веб страницата на Агенцијата и додаде дека е нивна деловна одлука е со кој оператор ќе склучат договор за реемитување. Наведе дека не претставува проблем Агенцијата да ги извести ОЈЕКМ дека е вратена дозволата на ТВ Амазон, но тоа не е значи дека некој од операторите ќе склучи договор за реемитување со радиодифузерот.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-611 од 18.03.2015 година и едногласно донесе Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.32/15), со што ќе се сторнира издадената фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.135/2015 од 09.03.2015 година (арх.бр.05-1787/1), на износ од 10.429,00 денари, со оглед на фактот дека радиодифузерот во целост ја исполнил својата обврска за плаќање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, со што престанал да постои основот - неплаќање на надоместокот во законски утврдениот рок пропишан во член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во горенаведената Одлука, Советот на Агенцијата го задолжи ТРД „ТВ АМАЗОН“ ДООЕЛ Скопје, следното:

- да ги плати трошоците во износ од 7.500,00 денари за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015, во "Службен весник на РМ",

- да ги плати трошоците во износ од 32.186,00 денари за објавување на Одлуката за одземање на дозволата Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015, во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија,

- да ги плати трошоците во износ од 7.500,00 денари за објавување на Одлуката за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување во "Службен весник на РМ", и

- да ја повлече тужбата УЗ бр.225/15 УЗ бр.225/15 со посебен предлог УЗ бр.225/15 за издавање времена мерка поднесена против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за поништување на Одлуката Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година, за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-11 од 05.01.2015 година, поднесена до Управниот суд, на ден 09.03.2015 година.

Горенаведената одлука стапува во сила на ден 20.03.2015 година, под услов Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски, содржани во одлуката а наведени во точката 2 од овој заклучок, кон Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, не ги исполни обврските содржани во одлуката во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.08-398 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-11 од 05.01.2015 година („Службен весник на Република Македонија", бр.32/15) и фактурата за надоместокот бр.135/2015 од 09.03.2015 година (арх.бр.05-1787/1).

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, по стапувањето во сила на одлуката, Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, да го запише во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страната на Агенцијата.

- Г-дин Фетаи, рече дека сака да потсети на еден предлог кој е усвоен од Советот на Агенцијата и ставен е во Програмата за работа на АААВМУ за 2015 година, а се однесува за можноста за издавање на нова дозвола за радио на албански јазик на државно ниво. Констатирано е, рече, дека тоа е нешто што е потребно во Република Македонија и едногласно од страна на Советот е констатирано дека би било добро и да се испрати допис до АЕК, бидејќи се работи за комерцијално, приватно радио. Наведе дека од тогаш поминат е подолг период и сака да се освежи предлогот и да им се даде задача на Директорот и на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да преземат нешто во таа насока, за тоа какви се можностите и дали се појавиле нови околности.

Г-дин Трајчевски, објасни дека во тој период, веднаш по завршување на седницата, испратен е допис до АЕК. По 10-тина дена добиен е повратен одговор од

нивна страна, дека не постои слободна фреквенција на територија на град Скопје, што е пречка да се обезбеди радио мрежа за емитување на целата територија на Република Македонија. Наведе дека по завршување на сегашната седницата, дописот ќе биде дистрибуиран до сите членови на Советот. При тоа, додаде дека би можел Секторот за информатичка поддршка и општи работи да направи една анализа, но доделувањето на решенијата за користење на радиофреквенции во делот за радио емитување е во надлежност на Агенцијата за електронски комуникации. Анализата би била во насока дали постои техничка можност да се обезбеди некоја фреквенција и по две седници да достави информација.

Г-дин Фетаи, се изјасни дека не знаел за пристигнатиот допис од АЕК. Со оглед на нашата мисија како Агенција, рече, и со оглед на расположението на тоа што Советот го констатирал, би бил благодарен, ако на предлогот уште малку му се придаде значајност и ако се успее да се направи еден чекор понапред.

Г-дин Фиданоски, рече, се сеќава дека тој лично дал поддршка за можноста за издавање на нова дозвола за радио на албански јазик на државно нив. Но, бидејќи во дописот се повторува одговорот од АЕК, дека нема слободна фреквенција за таа намена и затоа не може да се додели дозвола за радио емитување на државно ниво, праша, бидејќи има радија на албански јазик во скопскиот регион, дали постои можност, некое од нив да се поттикне да аплицира за дозвола на ниво на држава?

Г-дин Трајчевски, одговори, доколку еден од сопствениците на радијата на албански јазик, решат да станат радија на национално ниво, значи дека кога ќе се распише конкурсот, треба да ја вратат сегашната фреквенција и да го затворат радиото и праша, која е гаранцијата дека ќе ја добијат дозволата од распишаниот конкурс?

Г-дин Петрушевски, на крајот од дискусија рече дека е добра препораката Секторот за информатичка поддршка и општи работи, независно од АЕК, да ја испита можноста.

**Бр. 02-1938/6**
**23.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**